

*Формиран е Совет на асоцијациите од областа на културата со две главни цели: да создава услови за мултимедијален настап на уметниците, а во исто време да ги штити и нивните елементарни права како творци, со општа заложба за заштита на актуелното духовно творештво и културното наследство на Македонија*

# Судбината на културата во рацете на уметниците

Уметниците конечно го кренаа својот глас во одбрана на културните вредности во земјава. И уште повеќе од тоа: почнаа да ги прават и првите конкретни чекори со кои би ја презеле судбината на културата во свои раце. По создавањето на манифестацијата „Македонски духовни конаци„ со цел да се афирмира македонскиот креативен гениј, вчера беше промовирано едно ново тело за заштита и унапредување на уметничките и културните вредности, како и на нивните творци. Советот на асоцијациите од областа на културата, чиј прв претседател е сликарот Владимир Георгиевски, засега обединува четири здруженија: Друштвото на писателите на Македонија, Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Сојузот на композиторите на Македонија и Друштвото на филмските работници на Македонија. Во наредниов период се очекува кон Советот да се приклучат и Сојузот на драмските работници, Сојузот на архитектите и Здружението на независните писатели.

Главната цел на овој Совет е здружено и координирано да се дејствува по однос на битните прашања што ги засегаат сите творци од земјава, но и по однос на нивно покомплесно уметничко претставување во јавноста, особено во светот. Пред се, Советот ќе се залага за заедничко, мултимедијално настапување на уметниците, па така сите водечки манифестации од областа на културата во нашата земја како што се: Охридско лето, Театарските игри „Војдан Чернодрински„ Деновите на македонската музика„ Струшката музичка есен, Струшките вечери на поезијата, Меѓународната средба на литературните преведувачи во Тетово, Рациновите средби. Фестивалот на аматерскиот и алтернативен театар, ФААТ во Кочани, значајните ликовни манифестации како ревијалната изложба, Зимскиот салон, графичката изложба и др., на иницијатива на СОАК, во иднина ќе бидат осмислувани врз естетски проткајувања на сите уметности меѓу себе. Друга битна заложба на СОАК ќе биде заштита на творецот, почитување на неговиот естетско-идеен знак и валоризација на неговиот труд. СОАК ќе покренува и иницијативи за изградба на Институции од областа на културата кои ги немаме како: концертна сала, национална галерија, дом на литературата, поетски театар и слично, а исто така Советот перманентно ќе укажува на девијантните појави во областа на културата и уметноста.

Повод за создавање на СОАК, како што изјави неговиот претседател Владимир Георгиевски, е алармантната состојба во сите сфери на културата.

„Мене лично ми е здосадено да слушам и гледам како некомпетентни личности решаваат во културата„ рече Стефче Ацевски од Здружението на филмските работници.

Според Коле Манев здруженото дејствување на творците од сите области ќе има поголема тежина во јавноста.

СОАК ќе одржува редовни седници на кои ќе ги разгледува состојбите и ќе прави резимеа, а ќе настојува да биде и во континуиран дијалог со Министерството за култура.

Неговото привремено седиште е во Сојузот на композиторите на Македонија.

**А. Гилевски**

Советот на асоцијациите од областа на културата го презентира својот став по изложбата што е деновиве отворена во Париз, на која се претставени 39 оригинални ремек-дела од Македонската средновековна ликовна уметност.

Без оглед на „високите политички цели“, Советот е против секакво изнесување на овие оригинални дела вон државата. Оригиналните остварувања, по своите значења се еднакви на реликвиите. А, тие никогаш и во ниедно време не биле поместувани вон од својот свет простор.

Живееме во време кога техниката и технологијата можат сосема соодветно да ги заменат неповторливите знаци на културното битие на еден народ низ мошне пристојни репродукции. И при секоја нивна презентација во својата земја и онаа вон неа можат сосема убедливо да бидат презентирани.

Кога оригиналната реликвија ќе биде вовлечена во политичките амбиции на една земја, тогаш таа самата себеси се брише.

Советот е потполно свесен за енормно високите цени на осигурувањето со финансиски средства кога е во прашање изнесувањето на оригиналните дела од матичната земја, иако не постои соодветен надомест доколку се оштети делото или исчезне. Во поразвиените културни средини, секој таков потег однапред е испланиран, јасно проценет, низ одговорноста на оној што го презема.

Во овој случај, Советот смета дека секое оштетување, дури и минимално, е доволна причина организаторот да ги сноси сите законски последици и да одговара пред македонските граѓани.